Асоцијација за е-трговија на Северна Македонија
АЕТСМ
Бр. 0201/44-4
20.08.2025 год.
СКОПЈЕ

E-COMMERCE
Macedonian Association

**АСОЦИЈАЦИЈА ЗА Е-ТРГОВИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - АЕТМ**
Ул. Мирослав Крлежа 14/1-1 1000 Скопје
info@ecommerce.mk, www.ecommerce.mk

# ПРАВИЛНИК
## за утврдување на услугите кои се обезбедуваат по основ членство во АЕТМ

**Член 1**

Со овој правилник се утврдуваат услугите кои се обезбедуваат врз основа на членство во Асоцијацијата за е-трговија на Северна Македонија.

Услугите кои се обезбедуваат врз основа на членство во АЕТСМ во овој правилник се поделени во 2 пакети за членство и тоа:

- Основен;
- Премиум.

**Член 2**

Услугите во пакетите од овој Правилник произлегуваат од делокругот на работа на АЕТСМ утврден со Закон, Статут и другите акти на АЕТСМ.

За обезбедување на овие услуги соодветно, приоритетно и тековно се предвидуваат финансиски средства во буџетот на АЕТМ и истите се добиваат со членарина дефинирана во овој Правилник.

**Член 3**

Услугите во премиум пакетот за членство можат да се овозможат единствено врз основа на актите на АЕТСМ со кои се утврдуваат годишните активности, но и долгорочните планови за обезбедување на овој вид на услуги.

**Член 4**

Услугите за членство се обезбедуваат едновремено со плаќање на предвидената годишна членарина, со еднаков квалитет и истите се достапни за сите единици на членките на АЕТСМ без исклучок, освен доколку врз основа на овој правилник или друг акт не се пропишани посебни услови или исклучоци.

Со плаќање на предвидената годишна членарина се станува член во АЕТСМ за тековната календарска година.

Доколку членството не се откаже најмалку 30 дена пред истекот на календарската година за која што е платена членарината, членството автоматски се реобновува со што членот е должен да ја плати членарината, во рок од 30 дена по издавањето на фактура.

Доколку членот не ја плати членарината во наведениот рок, или после првата опомена, го губи статусот на член.

## Член 5

Редовното и навременото плаќање на надоместокот по основ на членство во АЕТСМ овозможува посебни - намалени цени на посебните услуги, кои соодветно во проценти се изразуваат за секој вид на премиум услуга.

Премиум услуги може да бидат обезбедени од страна на стручната служба на АЕТСМ или по потреба преку ангажирање на трети лица за чии способности и квалификации се грижи АЕТМ.

## Член 6

Основниот пакет на услуги ги вклучува следните бенефити:

БИЗНИС МОЖНОСТИ - NETWORKING

- учество во настани за размена на искуства меѓу членовите на АЕТСМ, развивање на нови бизнис можности, деловни контакти и потенцијални партнерства. Поврзување на членови и организирање состаноци за нови соработки.

ЕДУКАЦИЈА И ТРЕНИНГ

- специјализирани обуки, конференции и настани поврзани со е-трговија за различни аспекти кои им се потребни на членките во организација на АЕТСМ преку партнерства со членките (бесплатно или по специјални промотивни цени за членките);

ПРИСТАП ДО ПОДАТОЦИ И ИСТРАЖУВАЊА

- Newsletter известувања и пристап до податоци и истражувања од областа на електронската трговија во Македонија, информации за настани и случувања за е-трговијата во Македонија и Европа;

ЗАСТАПУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИ

- идентификација на потребите и предизвиците за членовите; застапување за интересите на членовите пред надлежните институции; создавање стратегија за лобирање со цел создавање раст на членките и АЕТСМ;

ПРОМОЦИЈА

- Промовирани како членки на АЕТСМ пред индустријата за електронска трговија во Македонија и Европа (поставување лого на веб страната www.ecommerce.mk);

ПОВЛАСТЕНА ЦЕНА ЗА БЕЏ ЗА ВЕРИФИКУВАН Е-ТРГОВЕЦ

- Членовите на АЕТСМ добиваат повластена цена при аплицирање за беџ за верификуван е-трговец и повластена цена за годишен надомест за беџ за верификуван е-трговец согласно правилникот за беџ.

## Член 7

Доколку еден правен субјект е членка на Асоцијацијата, за зачленување во Асоцијацијата на подружници на истиот субјект, се добива 35% попуст за првата подружница (бизнис профил) и 50% попуст за зачленување на втората подружница (бизнис профил).

**Член 8**

Премиум пакетот за членство ги вклучува сите бенефити кои ги вклучува основниот пакет и дополнително следните услуги/бенефиции:

- „Powered by" брендирање на ексклузивен meetup нетворикнг настан со 100+ дедицирани присутни со можност за учество како говорник
- Изработка на студија на случај и промотивно видео за вашата компанија претставувајќи го вашиот придонес за развој на е-трговијата
- Веб-банер во времетраење на цела тековна година на повеќе позиции на веб страната на АЕТМ www.ecommerce.mk
- ПР интервју во текот на годината на сајтот на АЕТСМ и промоција на социјалните медиуми на АЕТСМ
- Две ВИП влезници за годишната конференција за е-трговија
- Видно претставување на компанијата со лого како премиум член на веб страната на АЕТМ, билтенот и публикациите на асоцијацијата, како и претставување во различни соопштенија и дописи подготвени од страна на АЕТСМ
- Промотивни и рекламни материјали (печатени промо материјали) на сите настани и тренинзи организирани од АЕТМ во тековната година
- Roll банер на настани организирани од АЕТСМ вклучително и на годишна конференција за е-трговија
- Објава на PR соопштенија на веб страна на АЕТСМ и нивно споделување на социјални медиуми
- Консултантска и правна поддршка поврзана за е-трговија од експерт / консултант во областа (2 часа)
- Бесплатен дигитален беџ за е-трговија: Беџ кој ќе ве прикаже како премиум член и лидер во развојот на е-трговијата
- Бесплатно присуство на две вработени лица на сите настани и тренинзи организирани од АЕТСМ во текот на тековната година
- Партнерски поврзувања и приоритет во добивање препораки за соработка со други членки (домашни и странски)
- Редовни објави за премиум членови на социјалните мрежи и други канали
- Ексклузивен попуст за спонзорства на останати иницијативи организирани од АЕТСМ.

**Член 9**

При пристапот во членство на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, физичките и правните лица се должни да ги испочитуваат цените согласно со видот на пакетот за членство. Со пополнување на пристапницата за членство и доставување на истата, членовите имаат должност да го наведат видот за членство за кој аплицираат.

Секој пакет за членство им овозможува на членовите пристап до основните услуги коишто ги нуди Асоцијацијата за е-трговија на Македонија. Надоместокот и видот на пакет за членство за правни лица зависи од бројот на вработените на правното лице. Овој надоместок се подмирува еднаш годишно.

Ценовникот со наложениот надоместок за пакетите за членство на АЕТМ се како што следат:

- Годишната членарина за **физичко лице** изнесува 50 еур.
- Годишната членарина за правно лице (основен пакет) изнесува:

| Број на вработени | Годишна членарина во АЕТМ |
|---|---|
| 0-9 | 180 еур |
| 10-50 | 350 еур |
| 51-100 | 590 еур |
| Над 100 | 1.100 еур |

- Годишната членарина за **премиум пакетот** е збир од основниот надоместок (според бројот на вработени од табелата погоре) плус 2.500 евра (две илјади и петстотини евра) по среден курс во периодот на фактурирање за дополнителни услуги без вклучен ДДВ.

Цените се пресметуваат во денари по среден курс во денарска противвредност на денот на издавање на фактурата за членство.

**Член 10**

Овој правилник стапува на сила од 01.01.2026 година.

Асоцијација за е-трговија на Северна Македонија,
АЕТСМ Скопје
Д-р Нина Ангеловска Станков
Претседател

20 Август, 2025